Протокол за постапување на државните студентски домови и други објекти за сместување во Република Северна Македонија во академската 2021/2022 година

1. Сместувањето во државните студентски домови и други објекти за сместување во Република Северна Македонија во учебната 2021/2022 година се реализира со пополнување со целосните капацитети.
2. Студентскиот дом за влез и излез на студентите ги става во функција сите влезови на зградата на домот.
3. На влезот во домот, во ходниците и во собите задолжително да се постават едукативно-информативни материјали и насоки за заштита на здравјето и безбедност во домот.
4. На влезот во домот се поставуваат средства за дезинфекција, како и во собите и другите простории.
5. Влегувањето во домот и движењето внатре во заедничките простории и ходниците е дозволено само со задолжително користење на заштитна маска и дезинфекција на рацете за сите вработени и студенти во домот.
6. На портирниците на студентските домови, во делот каде што ќе оперира портирот, да биде поставена монтажна преграда изработена од пластика или стакло, која во долниот дел има отворен простор за манипулирање, со клуч.
7. За контролиран влез и излез во/од домот, пред и внатре во домот, се организира редарска служба, со цел спроведување на редот, задолжително спроведување на дезинфекција и носење заштитни маски, одржување на потребното растојание и тоа 1 редар пред влезот на домот и 1 редар во домот. Редарите се ангажираат од редот на вработените во домот, за што одлучува директорот на домот.
8. Забранет е влез за родители / старатели освен на студенти со посебни образовни потреби со задолжително носење на заштитна маска.
9. Се забрануваат сите видови физички контакти за поздравувања меѓу вработените во домот и меѓу студентите
10. Студентите и вработените кои до училиштето користат јавен превоз го почитуваат протоколот за превоз на патници во јавен сообраќај.
11. Да се води засилена контрола од страна на портирската служба и вработените, со цел да се избегнува групирање на студенти во заедничките простории и соби.
12. Во заедничките простории на студентските домови за се постави корпа за отпадоци со капак, која ќе се отвара со ножна педала.
13. Пред секој лифт да има поставен пулт со средство за дезинфекција на раце. Да се врши дезинфекција на рацете пред и по секое користење на лифтот. Од страна на вработените во домот да се изврши и дезинфекција на лифтот два пати во текот на денот.
14. Студентот при вселување во домот и добивање на клуч од собата добива и флаер со совети за заштита и протокол за неговиот престој во домот.
15. Секојдневно проветрување на заедничките простории во домот и на собите каде што претстојуваат студентите.

16. Два пати во текот на денот задолжително, треба да се спроведе чистење и дезинфекција на заедничките простории во домот(санитарните јазли, ходници, лифтови, менза итн.)со средство кое делува на вируси, според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05 натриум хипохлорид(5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција на горни површини.
17. Сите студенти задолжително се грижат за одржување на хигиената и дезинфекција во собите каде што претстојуваат. За таа цел студентските домови им обезбедуваат доволни количини на средства за хигиена и опрема за одржување на хигиена.
18. Да се постави известување на влезната врата од санитарните јазли за задолжителна дезинфекција на рацете пред и по употреба.
19. Да се инсталира средство за дезинфекција пред влезната врата на санитарните јазли.
20. Санитарните јазли задолжително се опремени со течен сапун, топла вода, корпа за отпадоци со ножна педала и хартиени бришачи за раце за еднократна употреба како и диспанзер со средства за дезинфекција за раце, на база на 70% алкохол или препорачано вируцидно средство за дезинфекција.
21. Да се постават корпи со капак, на ножна педала кои се внатрешно поставени со пластични кеси, за собирање на отпадоци од користени маски и ракавици, видно означени и поставени на повеќе места.
22. Вработените во мензата и кујната, задолжително да носат заштитни маски , ракавици и заштитна облека и да одржуваат зачестена хигиена на раце.
23. Забрането групирање за време на паузите и одржување на меѓусебно растојание при процесот на работа.
24. Задолжително безбедно растојание меѓу масите и одржување на безбедно растојание додека се јаде оброкот.
25. Да се постави средство за дезинфекција на рацете на секоја маса.
26. Масите да се покриени со хартиен или најлонски чаршаф за една употреба, при што ќе се врши промена по заминувањето на секој студент.
27. Приборот за јадење да биде складиран и послужен во најлонска или хартиена обвивка или во салфетка. Искористениот прибор покрај миењето со топла вода да биде и задолжително дезинфециран со средство за дезинфекција.
28. Се забранува користење на заеднички отворени садови при сервирање на кечап , разни зачини и слично.
29. На крај на секој оброк (доручек, ручек, вечера) задолжително чистење и дезинфекција на сите простории, целиот прибор за јадење, приборот за подготвување и послужување на храната како и мензата со сите маси и столчиња.
30. Засилена внатрешна контрола од лицето задолжено за спроведување на препораките за спречување на ширење на вирусот.
31. Доколку во домот се појави заболен од КОВИД-19 или лице кое имало контакт со лице заболено од КОВИД-19, лицето треба да се изолира во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска а директорот да воспостави

комуникација со Центарот за јавно здравје за добивање на насоки за понатамошно постапување.

32. Просториите каде што се движело заболеното лице(вработен или студент) темелно да се исчистат, дезинфецираат и проветрат.